*Почитувани,*

*Имаме чест и задоволство да Ве поканиме да земете учество на Тркалезна маса во рамките на проектот „Промоција на ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со инвалидност“, која ќе се одржи на 09.11.2010 (вторник), во хотел Холидеј Ин во Скопје со почеток во 13 часот.*

*Тема на тркалезната маса е Потреба од ратификација и имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со инвалидност во Република Македонија, а воведничар ќе биде г-н Миодраг Игњатович, Претседател на Националниот сојуз на Телесно инвалидизирани лица на Република Македонија.*

*Покани за учество на тркалезната маса се испратени до Претседателот на Република Македонија, сите Пратеници во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, сите Министерства, Невладини организации на лица со инвалидност, експерти...*

*Оваа тркалезна маса претставува активност која е продолжение на одржаното Дефиле на инвалидските организации во Република Македонија, кое се одржа во Битола, и за кое во прилог ви доставуваме и соодветна информација.*

Проект финансиран од
Европската Унија

Промоција на ратификацијата и имплементацијата
на Конвенцијата на Обединетите Нации
за правата на лицата со инвалидност